Република Северна Македонија

ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
е - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47-552-661

Бр. 10

26.06.2024

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за измена и дополнување на Одлуката за комунален ред на Општина Демир Хисар бр. 07-782/3 од 29.09.2014 година**

1. Ја објавувам Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за комунален ред на Општина Демир Хисар бр. 07-782/3 од 29.09.2014 година, донесена на 37-мата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на ден 24.06.2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-623/1 Општина Демир Хисар**
**26.06.2024 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 12 став 2 од Законот за комуналните дејности („Службен весник на РМ“ бр. 95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15, 31/16 и 64/18 и ,,Службен весник на РСМ” бр. 302/20), член 43 став 1 точка 42 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Сл.гласник на Општина Демир Хисар” бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 ,7/21 и 21/23), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 24.06.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за измена и дополнување на Одлуката за комунален ред на Општина Демир Хисар бр. 07-782/3 од 29.09.2014 година.**

Член 1

Членот 173 став 2 од оваа Одлука се менува и гласи:

Заради безбедноста на граѓаните, пчелните семејства не смеат да се постават на помалку од 200м оддалеченост од урбаниот опфат на градот Демир Хисар и населените места со повеќе од 200 жители и 100м оддалеченост од урбаниот опфат на населените места со помалку од 200 жители.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Демир Хисар“

**Бр.17-597/3 Совет на Општина Демир Хисар**
**24.06.2024 година Претседател**
**Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2024 година**

1. Ја објавувам Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2024 година, донесена на 37-мата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на ден 24.06.2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-623/2 Општина Демир Хисар**
**26.06.2024 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), член 34 од Законот за Буџетите (Сл.весник на РМ бр. 64/2005,4/2008,103/2008, 156/2009, 95/2010, 180/2011,171/2012, 192/2015,167/2016 и Сл.весник на РСМ бр. 151/21) и член 43 став 1 точка 2 од Статутот на општина Демир Хисар (Сл.гласник на општина Демир Хисар бр. 03/02, 04/05, 07/09, 13/14, 18/16, 10/19, 7/21 и 21/23) Советот на општина Демир Хисар на 37 седница одржана на 24.06.2024 година донесе

**О Д Л У К А**
**за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина ДЕМИР ХИСАР**
**за 2024 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина ДЕМИР ХИСАР за 2024 година на следниот начин :

| Потпрограма Потставка | | БУГЕТ | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **D00** | **ГРАДОНАЧАЛНИК** | | | | | |
| 464940 | Трансфери при пензионирање | 200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **E00** | **ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА** | | | | | |
| 421240 | Течни горива | -200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Демир Хисар и станува составен дел на буџетот на општината за 2024 година

Бр. 17-597/4
24.06.2024

Претседател на Советот на Општината
ЉУПЧО НАЈДОВСКИ

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар„ бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за линиски објекти со намена Е1.8-Инфраструктури за пренос на електрична енергија- 10(20) КВ Среднонапонски подземен електричен вод на дел од КП бр.4154, дел од КП бр.15, дел од КП бр.985, дел од КП бр.988, дел од КП бр.986, дел од КП бр.856, дел од КП бр.992/1 и дел од КП бр.990, КО Слепче,Општина Демир Хисар**

1. Ја објавувам Одлуката за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за линиски објекти со намена Е1.8-Инфраструктури за пренос на електрична енергија- 10(20) КВ Среднонапонски подземен електричен вод на дел од КП бр.4154, дел од КП бр.15, дел од КП бр.985, дел од КП бр.988, дел од КП бр.986, дел од КП бр.856, дел од КП бр.992/1 и дел од КП бр.990, КО Слепче, Општина Демир Хисар, донесена на 37-мата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на ден 24.06.2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-623/3 Општина Демир Хисар**
**26.06.2024 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р**

Врз основа на член 39, став 5 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр.32/20), член 22 став 1 точка 1 и точка 2 (Сл. весник на РМ бр.5/02), член 15 и член 43 од Статутот на општина Демир Хисар ( Сл.гласник на општина Демир Хисар бр.2/2002, 04/05, 07/09, 16/13, 18/14 и 10/19 и 07/21), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 24.06.2024 год. донесе

**ОДЛУКА**
**за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за линиски објекти со намена Е1.8-Инфраструктури за пренос на електрична енергија- 10(20) КВ Среднонапонски подземен електричен вод на дел од КП бр.4154, дел од КП бр.15, дел од КП бр.985, дел од КП бр.988, дел од КП бр.986, дел од КП бр.856, дел од КП бр.992/1 и дел од КП бр.990, КО Слепче, Општина Демир Хисар**

**Член 1**

Да се отпочне постапка за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за линиски објекти со намена Е1.8-Инфраструктури за пренос на електрична енергија- 10(20) КВ Среднонапонски подземен електричен вод на дел од КП бр.4154, дел од КП бр.15, дел од КП бр.985, дел од КП бр.988, дел од

КП бр.986, дел од КП бр.856, дел од КП бр.992/1 и дел од КП бр.990, КО Слепче, Општина Демир Хисар, врз основа на Записник од Комисија за урбанизам, со бр. 11-412/2 од 03-06-2024год., со кој се прифаќа Иницијативата за изработка на урбанистичкиот проект.

Барањето-Иницијативата за изработка на Урбанистички проект е од страна на ДПТУ,,МЕГАВОЛТАИК" ДОО Скопје, со седиште на ул.,,Пелистерска" бр.2/1-2, Скопје.

Целта за изработка на Урбанистичкиот проект е формирање на градежна парцела со намена намена Е1.8 –Инфраструктури за пренос на електрична енергија.

Урбанистичкиот проект ќе се изработува врз основа на член 58 став 6 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/20), по претходно обезбедени Услови за планирање, Проектна програма одобрена од надлежниот орган, мислење од државните органи, инстиtуции и правни лица со јавни овластувања од член 47 од истиот закон, врз ажурирана геодетска подлога на проектиот опфат.

Целокупните трошоци за изработка на Урбанистичкиот проект ќе бидат финансирани од подносителот на иницијативата.

**Член 2**

Согласно Законот за Урбанистичко планирање, Градоначалникот на општина Демир Хисар донесе Предлог- Одлука за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за линиски објекти со намена Е1.8-Инфраструктури за пренос на електрична енергија- 10(20) КВ Среднонапонски подземен електричен вод на дел од КП бр.4154, дел од КП бр.15, дел од КП бр.985, дел од КП бр.988, дел од КП бр.986, дел од КП бр.856, дел од КП бр.992/1 и дел од КП бр.990, КО Слепче, Општина Демир Хисар, врз основа на Записник од Комисија за урбанизам, со бр. 11-412/2 од 03-06-2024год**,** со кој се прифаќа Иницијативата за изработка на урбанистичкиот проект.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар

**Бр.17-597/5 Совет на Општина Демир Хисар**
**24.06.2024година Претседател**
**ДемирХисар Љупчо Најдовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за дополнување на ПРОГРАМАТА за донесување на урбанистичките планови во Општина Демир Хисар за 2024год.**

1. Ја објавувам Одлуката за дополнување на ПРОГРАМАТА за донесување на урбанистичките планови во Општина Демир Хисар за 2024 година, донесена на 37-мата седница на Совет на Општина

Демир Хисар одржана на ден 24.06.2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-623/4** **Општина Демир Хисар**
**26.06.2024 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** **Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 40, став 1 и став 2 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр.32/20), како и во согласност со член 22 став 1 точка 1 од Законот за Локална самоуправа (Сл.весник на Р Македонија бр.5/02), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 24.06.2024 год. донесе

**О Д Л У К А**
**За дополнување на ПРОГРАМАТА за донесување на урбанистичките планови во Општина Демир Хисар за 2024год.**

**Член 1**

Во членот 4, кој се однесува на изработка на Урбанистички проекти, после точка 8 се додава нова точка која гласи:

1. Да се отпочне со постапка за изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за линиски објекти со намена Е1.8-Инфраструктури за пренос на електрична енергија- 10(20) КВ Среднонапонски подземен електричен вод на дел од КП бр.4154, дел од КП бр.15, дел од КП бр.985, дел од КП бр.988, дел од КП бр.986, дел од КП бр.856, дел од КП бр.992/1 и дел од КП бр.990, КО Слепче, Општина Демир Хисар**. Иницијативата за Урбанистички проект е од страна на ДПТУ,,МЕГАВОЛТАИК” ДОО Скопје, со седиште на ул.,,Пелистерска” бр.2/1-2, Скопје. Целокупните трошоци за изработка на урбанистичкиот проект ќе бидат финансирани од подносителот на иницијативата.

**Член 2**

Измените на Програмата за урбанистички планови за 2024год. за општина Демир Хисар влегуваат во сила со денот на донесување, а ке се објават во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.17-597/6** **Совет на Општина Демир Хисар**
**24.06.2024година** **Претседател**
**ДемирХисар** **Љупчо Најдовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за доделување на договор за изведување на градежно-занатски работи за реконструкција на крак од канализациона мрежа во Мургашево Л = 110 m1**

1. Ја објавувам Одлуката за доделување на договор за изведување на градежно-занатски работи за реконструкција на крак од канализациона мрежа во Мургашево Л = 110 m1, донесена на 37-мата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на ден 24.06.2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-623/5 Општина Демир Хисар**
**26.06.2024 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.Македонија" бр.5/02), член 43 став 1 точка 42 од Статутот на Општина Демир Хисар ("Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), како и член 24 од Законот за јавни набавки (,,Службен весник на РМ" бр 24/19 и ,,Службен весник на РСМ" бр.87/21), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 24.06.2024 година, ја донесе следнава:

**О Д Л У К А**
**за доделување на договор за изведување на градежно-занатски работи за реконструкција на крак од канализациона мрежа во Мургашево Л = 110 m1**

Член 1

Со оваа одлука се доделува договор за изведување на градежно-занатски работи за реконструкција на крак од канализациона мрежа во Мургашево Л = 110 m1, на ЈКП Комуналец Демир Хисар.

Член 2

Општина Демир Хисар и ЈКП Комуналец Демир Хисар ќе склучат договор за регулирање на правата и обврските во врска со изведувањето на работите од член 1 на оваа одлука.

Член 3

Финансиските средства за изведување на работите од член 1 на оваа одлука во износ од 126.170,00 се обезбедени од буџетот на Општина Демир Хисар за 2024 година.

Член 4

Средствата од член 3 на оваа одлука ќе бидат исплатени на изведувачот на работите- ЈКП Комуналец Демир Хисар по завршената работа, и извршената контрола од страна на Општина Демир Хисар.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.17-597/7 Совет на Општина Демир Хисар**
**24.06.2024 година Претседател**
**Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на ЗАКЛУЧОК за усвојување на Извештај за спроведување на оперативната програма за организирање и функционирање на Зимската служба на подрачјето на Општина Демир Хисар за сезона 2023/2024 година**

1. Го објавувам ЗАКЛУЧОКОТ за усвојување на Извештај за спроведување на оперативната програма за организирање и функционирање на Зимската служба на подрачјето на Општина Демир Хисар за сезона 2023/2024, донесен на 37-мата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на ден 24.06.2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-623/6 Општина Демир Хисар**
**26.06.2024 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с..р**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02) и член 43 став 1 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар”бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19, 7/21 и 21/23), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 24.06.2024 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За усвојување на Извештај за спроведување на оперативната програма за организирање и функционирање на Зимската служба на подрачјето на Општина Демир Хисар за сезона 2023/2024 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за спроведување на оперативната програма за организирање и функционирање на зимката служба на подрачјето на Демир Хисар за сезона 2023/2024 година со бр. 08-501/1 од 16.05.2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.17-597/8 Совет на Општина Демир Хисар**
**24.06.2024 година Претседател**
**Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на РЕШЕНИЕ за разрешување и именување на членови во Управен одбор на ЈКП ,,Комуналец" Демир Хисар**

1. Го објавувам РЕШЕНИЕТО за разрешување и именување на членови во Управен одбор на ЈКП ,,Комуналец" Демир Хисар, донесено на 37-мата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на ден 24.06.2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-623/7** **Општина Демир Хисар**
**26.06.2024 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** **Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на Р.М" бр.5/02), како и член 43 став 1 точка 5 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23"), а во врска со член 17 став 3 од Законот за јавни претпријатија („Службен весник на РМ" бр.38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и ,,Службен весник на РСМ" бр.275/19, 89/22 и 274/22), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 24.06.2024 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За разрешување и именување на членови во Управен одбор на ЈКП ,,Комуналец" Демир Хисар**

1. Со ова решение се разрешуваат од членови на Управен одбор на ЈКП ,,Комуналец" Демир Хисар, Љубиша Стојановски именуван со решение бр.17-415/17 од 13.04.2022 година, Александар Пејковски именуван со решение бр.17-415/17 од 13.04.2022 година и Иван Балуловски именуван со решение бр.17-304/14 од 14.03.2023 година.

2. Разрешувањето се врши врз основа на поднесено барање со арх.број 0302-130 од 14.05.2024 година од ЈКП ,,Комуналец" Демир Хисар заведено во архива на Општина Демир Хисар со бр. 17-492/1 од 14.05.2024 година, а во врска со член 17-ѓ став 2 точка 2 од Законот за јавни претпријатија („Службен весник на РМ" бр.38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и

,,Службен весник на РСМ" бр.275/19, 89/22 и 274/22).

3. За членови во Управен одбор на ЈКП ,,Комуналец" Демир Хисар се именуваат:

   1.Борче Ѓоревски – с.Вардино
   2.Александар Здравевски – Демир Хисар
   3.Илче Ангелевски – с.Суводол

4. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Решението се доставува до архива на Општина Демир Хисар, ЈКП ,,Комуналец" Демир Хисар, разрешен член и именуван член.

**Бр.17-597/9 Совет на Општина Демир Хисар**
**24.06.2024 година Претседател**
**Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на РЕШЕНИЕ за разрешување и именување на член во Надзорен одбор на ЈКП ,,Комуналец" Демир Хисар**

1. Го објавувам РЕШЕНИЕТО за разрешување и именување на член во Надзорен одбор на ЈКП ,,Комуналец" Демир Хисар, донесено на 37-мата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на ден 24.06.2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-623/8 Општина Демир Хисар**
**26.06.2024 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на Р.М" бр.5/02), како и член 43 став 1 точка 5 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23"), а во врска со член 26 став 5 од Законот за јавни претпријатија („Службен весник на РМ" бр.38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и ,,Службен весник на РСМ" бр.275/19, 89/22 и 274/22), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 23.05.2024 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За разрешување и именување на член во Надзорен одбор на ЈКП ,,Комуналец" Демир Хисар**

1. Со ова решение се разрешува Христијан Ѓорѓиевски од член на Надзорен одбор на ЈКП ,,Комуналец" Демир Хисар, именуван со решение бр. 17-415/18 од 13.04.2022 година.

2. Разрешувањето се врши врз основа на поднесено барање со арх.број 0302-130 од 14.05.2024 година од ЈКП ,,Комуналец" Демир Хисар заведено во архива на Општина Демир Хисар со бр. 17-492/1 од 14.05.2024 година, а во врска со член 26-а (член 17-ѓ став 2 точка 2) од Законот за јавни претпријатија („Службен весник на РМ" бр.38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и ,,Службен весник на РСМ" бр.275/19, 89/22 и 274/22).

3. За член во Надзорен одбор на ЈКП ,,Комуналец" Демир Хисар се именува :

   - Дејан Босилковски - с.Журче

4. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Решението се доставува до архива на Општина Демир Хисар, ЈКП ,,Комуналец" Демир Хисар, разрешен член и именуван член.

**Бр.17-597/10 Совет на Општина Демир Хисар**
**24.06.2024 година Претседател**
**Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на ПРАВИЛНИК**
**за условите, критериумите и начинот на остварување на правото на еднократна парична помош или помош во натура**

1. Го објавувам ПРАВИЛНИКОТ за условите, критериумите и начинот на остварување на правото на еднократна парична помош или помош во натура, донесен на 37-мата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на ден 24.06.2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-623/9 Општина Демир Хисар**
**26.06.2024 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р**

Врз основа на член 22, став 1, точка 7 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02), член 6 од Законот за социјалната заштита (“Службен весник на РСМ” бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22 и 65/23), како и член 71, став 1, точка 6 од Статутот на Општина Демир Хисар (“Службен гласник на Општина Демир Хисар” бр. 3/02), Градоначалникот на Општина Демир Хисар за седницата која ќе се одржи на ден 24.06.2024 година, доставува

**ПРАВИЛНИК**
**за условите, критериумите и начинот на остварување на правото на еднократна парична помош или помош во натура**

**Член 1**

Со овој правилник се уредуваат поблиските услови, критериумите и начинот на остварување на правото на еднократна парична помош или помош во натура согласно Програмата за активностите на Општина Демир Хисар во областа на социјалната заштита.

**Услови и критериуми за остварување на правото на еднократна парична помош или помош во натура**

**Член 2**

Еднократна парична помош или помош во натура се признава на лица или семејства кои што се нашле во положба од социјален ризик заради:

- Претрпена природна непогода;
- епидемија;
- смрт:
- подолго лекување или
- малигни заболувања.

**Член 3**

Еднократна парична помош или помош во натура се признава и на одделни биолошки семејства кои се грижат за своите членови – лица со тешки и најтешки пречки во интелектуалниот развој или лица со трајна телесна попреченост, за задоволување на потребите на овие лица.

**Член 4**

При остварување на правото на еднократна парична помош или помош во натура за лицата или семејствата кои што се нашле во положба од социјален ризик се земаат во предвид следните критериуми:

- материјалната состојба на лицата или семејствата;
- бројот на членови на семејството;
- да имаат постојано место на живеење во Општина Демир Хисар.

**Член 5**

Материјалната состојба на лицата или семејствата кои што се нашле во положба од социјален ризик се утврдува врз основа на вкупните приходи и примања на лицата или семејствата остварени во претходната година.

**Член 6**

Како приходи и примања врз основа на кои се утврдува материјалната состојба на лицата или семејствата кои што се нашле во положба од социјален ризик се сметаат приходите и примањата кои ги остваруваат лицата или сите членови на семејствата и тоа по основ на:

- плати и надоместоци од плати;
- пензии;
- приходи по основ на вршење земјоделска дејност;

- приходи по основ на вршење занаетчиска дејност;
- приходи по основ на имот и имотни права (издавање под закуп на: станбен простор, гаражи, простор за одмор и рекреација, опрема, превозни средства и издавање или земање под закуп на земјиште);
- други приходи и примања утврдени со Закон.

**Член 7**

Вкупно остварените приходи и примања во претходната година утврдени во член 6 од овој Правилник на сите членови на семејството се собираат и се делат со 12, односно на онолку месеци за колку се остварени, а потоа се дели со бројот на членови на семејството.

**Член 8**

При остварување на правото на еднократна парична помош или помош во натура за одделни биолошки семејства кои се грижат за своите членови – лица со тешки и најтешки пречки во интелектуалниот развој или лица со трајна телесна попреченост, за задоволување на потребите на овие лица, се земаат во предвид следните критериуми:

- да имаат постојано место на живеење во Општина Демир Хисар.

**Начин на остварувањена еднократна парична помош или помош во натура**

**Член 9**

Барањето за остварување на еднократна парична помош или помош во натура се поднесува до Општина Демир Хисар.

**Член 10**

Со барањето за остварување на еднократна парична помош или помош во натура се поднесуваат доказите потребни за утврдување на материјалната состојба на лицата или членовите на семејствата кои што се нашле во положба од социјален ризик, наведени во член 6 од овој Правилник како и:

- доказ за место на живеење за лицата или семејствата кои се нашле во положба на социјален ризик (фотокопија од лична карта или пасош);
- Уверение од управата за јавни приходи за материјалната состојба,
- Изјава за семејната состојба на семејствата;
- Доказ за причината која довела до положба на социјален ризик;
- Потврда за користење на постојана парична помош на барателот или член на неговото семејство.

**Член 11**

Со барањето за остварување на еднократна парична помош или помош во натура за одделни биолошки семејства кои се грижат за своите членови – лица со тешки и најтешки пречки во интелектуалниот развој или лица со трајна телесна попреченост, за задоволување на потребите на овие лица, потребно е да се доставаат следните документи:

- доказ за место на живеење за семејствата кои се грижат за своите членови (фотокопија од лична карта или пасош на еден од родителите);
- Наод и мислење за оцена на работната способност,

односно за специфичните потреби на лицата со пречки во интелектуланиот или телесниот развој од стручен орган.

**Член 12**

Комисијата за општествени дејности при Советот на Општина Демир Хисар, врз основа на поднесените барања и приложената документација ја утврдува фактичката состојба и изготвува извештај со предлог листа на прифатени барања за остварување на правото на еднократна парична помош или помош во натура.

Извештајот со предлог листа на прифатени барања за остварување на правото на еднократна парична помош или помош во натура, Комисијата го доставува до Градоначалникот на Општина Демир Хисар.

**Член 13**

Правото на еднократна парична помош или помош во натура се остварува во зависност од степенот на социјален ризик со:

- доделување на финансиски средства најмногу до висина на 2 (две) просечни месечни нето плати по работник во Република Македонија остварени во последните три месеци.

Износот на еднократната парична помош или помош во натура со Решение го определува Градоначалникот на Општина Демир Хисар.

Еднократна парична помош или помош во натура со Решение ја доделува Градоначалникот на Општина Демир Хисар.

**Член 14**

Со влегување во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за условите, критериумите и начинот на остварување на правото на еднократна парична помош или помош во натура бр. 07-626/1 од 12.06.2009 година („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр.7/2009) и Правилникот за измени и дополнување на Правилникот за условите, критериумите и начинот на остварување на правото на еднократна парична помош или помош во натура бр. 07-286/13 од 28.03.2014 година („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр.5/2014)

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Хисар".

**Бр.17-597/11 Совет на Општина Демир Хисар**
**24.06.2024 година Претседател**
**Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.**

-----------------------------------------------------------

С О Д Р Ж И Н А

1.ОДЛУКА за измена и дополнување на Одлуката за комунален ре на Општина Демир Хисар бр. 07-782/3 од 29.09.2014 година. ---------------------------------------------- 1

2.ОДЛУКА за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2024 година -------------------------- 2

3.ОДЛУКА за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за

линиски објекти со намена Е1.8-Инфраструктури за пренос на електрична енергија- 10(20) КВ Среднонапонски подземен електричен вод на дел од КП бр.4154, дел од КП бр.15, дел од КП бр.985, дел од КП бр.988, дел од КП бр.986, дел од КП бр.856, дел од КП бр.992/1 и дел од КП бр.990, КО Слепче, Општина Демир Хисар ---------------------3 – 4

4.ОДЛУКА за дополнување на ПРОГРАМАТА за донесување на урбанистичките планови во Општина Демир Хисар за 2024год ---------------------- 5

5. ОДЛУКА за доделување на договор за изведување на градежно-занатски работи за реконструкција на крак од канализациона мрежа во Мургашево Л = 110 m1 -------------------------------------------- 6

6.ЗАКЛУЧОК за усвојување на Извештај за спроведување на оперативната програма за организирање и функционирање на Зимската служба на подрачјето на Општина Демир Хисар за сезона 2023/2024 година ------------------------------- 7

7.РЕШЕНИЕ за разрешување и именување на членови во Управен одбор на ЈКП ,,Комуналец” Демир Хисар ------------- 8 – 9

8.РЕШЕНИЕ за разрешување и именување на член во Надзорен одбор на ЈКП ,,Комуналец” Демир Хисар ------------ 9 - 10

9.ПРАВИЛНИК за условите, критериумите и начинот на остварување на правото на еднократна парична помош или помош во натура --------------------------------------- 11 - 13

**Општина Демир Хисар, ул. Битолска бр.8**
**тел. 047/552-661**

**Градоначалник**
**Никола Најдовски**

**Компјутерска обработка**
**Виолета Пајковска**